## Апстракт

Истражувањата на секојдневните перспективи на здравјето и болеста од денешна гледна точка има долгорочна и мултидисциплинарна историја, но нивното место во медицинската социологија може да се сфати како рефлексија на одредени историски вградени идеолошки прашања на социологијата. Здравствените услуги, лековите и медицинските средства играат значајна улога во превенцијата и лекувањето на болестите, но нивната општа достапност и потенцијалното отсуство на стручен надзор при нивна администрација се причина за загриженост од несоодветна употреба. Направени се повеќе обиди да се анализира лекувањето и пропишувањето лекови од социолошки аспект, дел од нив со примена на теоријата на Хабермас за комуникативна акција, преку разгледување на интеракцијата на двете општествени сфери: системот и животниот свет (lifeworld). Притоа, перспективата на системот претставува потреба од зголемена ефикасност на користењето на ресурсите, клучна за процесот на инструментална рационалност и натамошно формализирање на односите. Перспективата на животниот свет, пак, е онаа на намален простор за комуни-

**Neda MILEVSKA KOSTOVA**

# HEALTH AND SOCIETY: APPLYING HABERMAS' SOCIAL THEORY IN MEDICINE

## Abstract

The exploration of common perspectives on health and illness from today's point of view has a long and multidisciplinary history, but its place within medical sociology can be understood to reflect some of sociology's more ubiquitous historically embedded ideological concerns. Health services, medicines and medical devices play an important role in the prevention and treatment of diseases, but their common availability and the potential absence of professional supervision raise concerns regarding potential inappropriate use.

Numerous attempts have been made to analyze treatment and medicine prescription from a sociological point of view, through Habermas' theory of communicative action, by considering the interaction of the two spheres of society: the system and the lifeworld. The perspective of the system is a need for increased efficiency of the resource use, crucial for the process of instrumental rationality and further formalization of relationships. The

кативно дејствување и неможност за постигнување меѓусебно разбирање. Иако трендовите на „демократизација“ на донесувањето одлуки за здравјето полека стануваат реалност, патерналистичкиот однос останува секојдневна пракса во голем број здравствени системи.

perspective of the living world, on the other hand, is that of reduced space for communicative action and the inability to achieve mutual understanding. Although the trends of "democratization" of health decisions are slowly becoming a reality, the paternalistic attitude remains a daily practice in many health systems.